# Извадок на дел од дневни настани 15.11.2021

На 13.11.2021 година, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, поради сомнение дека на 11.11.2021 во автобус на подрачјето на Центар одзел личен накит од малолетничка од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и во разговор со полициски службеници го признал делото и го појаснил начинот на извршување. Пронајдените предмети биле вратени на сопственичката. За настанот бил известен Јавен обвинител за малолетници и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.11.2021, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле А.А.(31), Ф.Б.(29) и С.К.(32), сите од Скопје. Тие се сомничат дека на 13.11.2021 во неговиот двор на ул.„Скупи" физички го нападнале О.К. и му одзеле пари, а го оштетиле и неговиот мобилен телефон. Тројцата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.11.2021 во 09.40 часот на граничен премин „Блато", полициски службеници го привеле Л.Г.(34) од Р.Албанија, затоа што според службената евиденција е констатирано дека се бара по телеграма од Полициска станица Дебар. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Дебар за понатамошна постапка.

На 14.11.2021 во 18.00 часот на граничен премин „Меѓународен Аеродром Скопје, полициски службеници го привеле А.В.(30) од Република Грција, затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека во службената евиденција не постојат податоци за влез/излез од државата. Лицето е предадено на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и редамисија. За случајот е известен Јавен обвинител кој дал наредба лицето да се смести во Прифатен центар за странци Скопје за понатамошна постапка.

На 14.11.2021 во времето од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 45 прекршоци, од кои 25 надвор од населено место и 20 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 17.00 до 23.00 часот, на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 5 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 31 други видови прекршоци.
На 14.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 62 мерки и тоа 38 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 24 за пречекорување на брзината надвор од населено место. Откриени се и 7 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 14.11.2021 во 07.45 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Александар Македонски" во Прилеп, патничко возило „фолксваген пасат", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(57) удрило во велосипедист П.Т.(65), и двајцата од Прилеп. Во несреќата, П.Т се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Увид извршила увидна екипа на Полициската станица Прилеп.

На 14.11.2021 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани 36 прекршоци, од кои 17 во Радовиш, 9 во Гевгелија, 7 во Струмица и 3 во Валандово. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 14.11.2021 во 05.45 часот на крстосница во Горна чаршија во Тетово, патничко возило „фиат пунто", со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.И.(25) од Тетово, удрило во пешакот М.И.(79). Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 14.11.2021 во 17.10 часот во СВР Скопје, С.С.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (13.11/14.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 24 прекршоци.

Денеска (15.11.2021) во периодот од 07.00 до 10.00 часот полициски службеници на СВР Тетово на поширокото тетовско-гостиварско подрачје спровеле засилена контрола на брзината со која се движат возилата во и надвор од населено место. Во контролата биле откриени и законски санкционирани 32 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место. Од нив, 4 биле за над 70 километри на час повеќе од дозволеното (ТЕ-3 и ГВ-1), а 18 од 50 до 70 километри над дозволената брзина (ТЕ-11 и ГВ-7). Исто така, санкционирани се и 32 пречекорувања во населено место (ТЕ-20 и ГВ-12). На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 14.11.2021 од 10.00 до 15.00 часот, при извршени акциски сообраќајни контроли на територија на СВР Охрид, полициските службеници санкционирале 41 возач на моторни возила што управувале со поголема брзина од дозволената (Охрид-11, Струга-30). Истовремено, од сообраќај се исклучени 3 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-01, Струга-02).

На 14.11.2021, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се 38 возачи.

На 14.11.2021 на место викано „Св.Петка" атар на Пехчево, од страна на полициски службеници од ОВР Берово во содејство со Ловечко друштво „Хантер про 2020" бил затекнат Е.А.(31) од с.Чифлик, пехчевско, кој носел ловечка пушка „ИЖ – 27" калибар 12 мм и 7 ловни патрони без да поседува дозвола. Пушката и патроните биле одземени и за случајот бил запознаен Јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против Е.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.11.2021 во 20.15 часот на арена „Тодор Проески", полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Б.М.(34) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторен прекршок од Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревар. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.11.2021 во 15.30 часот во СВР Скопје, Р.М.(20) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на бул. „Македонско-косовска бригада" бил физички нападнат од Д.А., Е.А. и Н.И., сите од Скопје, од кои едниот користел метален предмет при нападот. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.11.2021 во периодот од 18.10 до 18.40 часот на арена „Тодор Проески", полициски службеници од СВР Скопје ги привеле Р.Ј.(41) од с.Батинци,скопско, М.А.(49), Г.Ц.(41) и Н.Б.(47) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторен прекршок од Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревар (палење на пиротехнички средства). По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.11.2021 во 21.09 часот во СВР Скопје, Д.П.(25) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" и бул.„Коцо Рацин", додека се превезувал во патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.С.(25) од Скопје, поради недоразбирање во сообраќајот едно лице кое управувало патничко возило „форд фокус" им се заканувало со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.11.2021 во 13.50 часот на арена „Тодор Проески", полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле С.С.(28) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторен прекршок од Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревар (палење на пиротехнички средства). По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.11.2021 во 11.30 часот во СВР Скопје, К.П.(27) од Скопје пријавил дека на ул.„Вера Јоциќ" бил каснат од куче скитник.

На 14.11.2021 во 15.20 часот во СВР Скопје, П.М.(53) од Скопје пријавил дека околу 14.30 часот на игралиште на подрачјето на Гази Баба неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.11.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје, Д.С.(46) од с. Булачани, скопско, пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот сопруг Ч.С.(53) од с. Булачани, кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 14.11.2021 околу 22.00 часот во СВР Скопје, 17-годишна малолетничка од Скопје пријавила дека на 21.09.2021 противправно била лишена од слобода од Џ.А., со кого претходно била во љубовна врска. Како што е пријавено, во неговиот дом тој во повеќе наврати физички ја нападнал и извршил обљуба врз неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет